Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15 -05- 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: 26-596/2 | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |

596

**До**
**Националната комисија за учебници при**
**Министерството за образование и наука на**
**Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Слаѓана Брсакоска за наставниот предмет по МАТЕМАТИКА за II (втора) година гимназиско образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 27.4.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет по Математика за II (втора) година гимназиско образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на 4.5.2026 година по електронски пат, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 3/2025 и 74/2025, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
**за наставниот предмет Математика за II (втора) година гимназиско образование**

На Конкурсот за учебници во основното образование за наставниот предмет по Математика за II (втора) година гимназиско образование се пријавиле повеќе ракописи.

Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) доставил стручно мислење за 2 ракописи, со шифри бр. 01 и 02, бр. 26-199/28 од 3.3.2026 година, потпишани од Даниела Тачевска Николов. Мислењата се елаборирани прецизно, детално и темелно и даваат јасна слика на приложениот материјал. За двата ракописи **БРО има позитивно мислење**, без забелешки, со заклучок дека ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет.

Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Алит Ибраими, Природно-математички факултет - Тетово при Државниот универзитет во Тетово, член, Проф. д-р Џеваир Беќири, Природно-математички факултет - Тетово при Државниот универзитет во Тетово, член, и м-р Сузана Ничота, СУГС „Раде Јовчевски - Корчагин“ – Скопје, член, дава стручно сумарни мислења бр. 26-451/12 од 4.5.2026 година. По разгледувањето на приложените ракописи и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, мислењето на рецензентската комисија за двата ракописи е позитивно. Но, по направената споредба на ракописите, членовите на Рецензентската комисија наведуваат аргументирани забелешки зошто даваат предност на ракописот со шифра 02.

Рецензентската комисија едногласно го предлага ракописот со шифра 02 за учебник по предметот **Математика за II (втора) година гимназиско образование**.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно од напред изнесеното, земајќи ги во предвид мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет по **Математика за II (втора) година гимназиско образование** им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА, РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 01 ДА НЕ ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК, А РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 02 ДА ГО ПРИФАТИ ЗА УЧЕБНИК И ДА ЈА ПРОДОЛЖИ ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИСТИОТ.**

Скопје, 15.5.2026 година

Известител,
Проф. д-р Слаѓана Брсакоска